Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски на ден____________ година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изместување на регионален пат Р1108 – Брана Конско, КО Конско, Општина Гевгелија**, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изместување на регионален пат Р1108 – Брана Конско, КО Конско, Општина Гевгелија**, се определуваат: Општина Гевгелија, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија“, ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изместување на регионален пат Р1108 – Брана Конско, КО Конско, Општина Гевгелија**, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Проектниот опфат зафаќа дел од трасата на регионалниот пат **Р1108**, со должина од 347м, и ќе се овозможи пристап до браната и нејзините придружни објекти.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

**Министер**

**Благој Бочварски**

Бр. 07-2497/10

16.08.2023 година

Скопје